# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 11 - та седница одржана на ден 24 април 2019 година донесе

## Одлука

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-647/1 од 21.02.2019 година, односно не е утврдено влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на избраното лице, во конкретниот предмет градоначалник на Општина Неготино, Тони Делков.

Предметот со број 09-647/1 од 21.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-647/1 од 21.02.2019 година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува на постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Надица Делкова, во постапка за вработување во ОУ „Гоце Делчев", село Долни Дисан, кое е сопруга на градоначалникот на Општина Неготино, Тони Делков.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, иницира и поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Надица Делкова.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до ОУ „Гоце Делчев", село Долни Дисан, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

На седницата одржана на ден 24 април 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдуваат наводите изнесени во медиумите, бидејќи лицето Надица Делкова, сопруга на градоначалникот на Општина Неготино, Тони Делков е вработено на работно место


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

одделенски наставник согласно постапка за вработување на наставници на одредено време преку постапка спроведена согласно Законот за основно образование (објава на оглас) и лицето располага со потребни образовни квалификации предвидени со Законот за основно образование и актот за систематизација на работните места во наведеното основно училиште. Имајќи ги во предвид одредбите на член 124 од Законот за основно образование каде е наведено дека орган на управување на основното училиште е училишниот одбор кој е составен од девет члена, и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите на учениците, двајца претставници од основачот и еден претставник од Министерството и кој согласно член 126 од истиот закон дава мислење до директорот за избор на наставниците, стручните соработници и воспитувачите, упатува на објективност и гласање по сопствено убедување при одлучувањето на избор за наставници.

Согласно наведеното не е утврдено влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на избраното лице, во конкретниот предмет градоначалникот на Општина Неготино, Тони Делков, поради што Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk